Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Бр./Nr. 17-867/1
02-04-2025 20
Скопје/Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство
Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОВЕТ ЗА КООРДИНИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ ЗА 2024 ГОДИНА

Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Во рамките на своите активности Советот за ИКТ предлага, создава, спроведува и обезбедува ИКТ решенија, што имаат за цел зголемување на ефикасноста и транспарентноста на правосудниот систем, како и централизирање на информатичките системи воспоставени во Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на Јавни обвинители на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, сите судови и обвинителства, Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и казнено-поправните и воспитно-поправните установи и Академијата за судии и јавни обвинители, а заради обезбедување на брз, автоматизиран и непречен пристап до податоци, како и нивна меѓусебна интероперабилна размена.

Основот за формирање на Советот за ИКТ произлегува од член.87-а ст.1 од Законот за судови, каде е наведено дека Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (во натамошниот текст: Советот за ИКТ) се основа како оперативно стручно тело составено од претставници на правосудните органи.

Советот за ИКТ дава предлог за утврдување на приоритети на политиките и координација на правосудните органи во работењето на системот на информатичко-комуникациската технологија, а Министерството за правда дава административно-техничка поддршка на работењето на Советот за ИКТ, а исто така Министерот за

правда со подзаконски акт го определува составот и начинот на работа на Советот за ИКТ.

Во рамките за своите надлежности на ден 13.12.2023 година Министерот за правда Кренар Лога, донесе Правилник за составот и начинот на работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи.

Исто така, врз основа на член 87-а од Законот за судовите („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19) и Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи министерот за правда донесе Одлука за основање на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, во состав и тоа:

- Владимир Милошески, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје;
- Даут Рустеми, судија во Апелационен суд Гостивар;
- Александра Цветановска, претставник од БЛУПРИНТ група за реформи во правосудство;
- Иван Џолев, судија и претседател на Основен кривичен суд Скопје;
- Ислам Абази, основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;
- Сања Пандилов, Академија за судии јавни обвинители;
- Сања Димовска, Министерство за правда;
- Јелена Колева Догазанска, член на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија;
- Ирина Трајкоска Стрезоска, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Битола;
- Шпенд Деваја, судија во Врховен суд на Република Северна Македонија и претставик на Здружение на судии;
- Ѓорѓи Андонов, судија од Основен суд Штип
- Анита Андоноска, Судски совет на Република Северна Македонија
- Наим Ферати, Министерство за информатичко општество и администрација
- За секретари на советот се назначени Теута Бериша од Министерство за правда и Цветанка Ацева од Министерство за правда

Со цел почитување на правилникот за работа и непречена работа на Советот, претседавачот на седницата за иницираше постапката за избор на претседател и потпретседател на Советот.

За предлог за претседател на Советот за ИКТ беше предложен членот Владимир Милошески. Бидејќи после него, не следеше друг предлог за претседател, се премина на гласање. Со 11 гласа ЗА, без ниту еден против и ниту еден воздржан, членот Владимир Милошески беше избран за претседател на Советот за ИКТ.

По завршувањето на изборот за претседател, се премина кон избор на потпретседател на Советот. Како единствен предлог за потпретседател беше

предложен членот Даут Рустеми. По ставањето на предлогот на гласање, со 11 гласа ЗА, без ниту еден против и ниту еден воздржан за потпретседател беше избран членот Даут Рустеми.

Согласно Деловникот за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи, Советот за ИКТ за својата работа поднесува годишен извештај до Министерството за правда. Во извештајот се содржани податоци за - бројот на одржани седница, - донесени одлуки,- реализирани активности и др. податоци од својот делокруг на работа.

БРОЈ НА ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за време на годишниот извештај одржа 12 седници со тоа што една седница имаше свое продолжение и тоа:

Во текот на седниците сите членови на Советот имаа активно учество при што во најголема мера точките беа насочени кон имплементација на постапката за интероперабилност и потреба од соодветна измена на одделни законски решенија поврзани со опстојувањето на системот но и негово надоградување со вклучување на услуги кои би ги давале и претставници на приватниот сектор Анита Андоноска од Судски совет информираше дека со ИПА 2 за интероперабилност меѓу судовите и обвинителствата им инсталирале опрема со што предметите од обвинителство требало да се праќаат електронски до судовите но нема информации во која фаза е имплементацијата на тој проект. Во истиот проект имало и набавка на компјутери.

Токму затоа претседателот предложи за наредната седница да се повика професорот Кирил бидејќи тоа го работи и на технички аспект да објасни што треба Советот за ИКТ да помогне за да може обвинителствата и судовите да можат да станат функционално комуникациски способни.

Во текот на работењето на советот беше консултиран и експерт од областа на ИКТ и тоа Кирил Кировски – ИПА експерт во делот на развивање на проекти за следење и водење на податоци во судовите, обвинителствата и другите државни органи. Во моментот е дел од проектот ИПА-3 кој што е насочен кон техничка помош на проектот за подобрување на дигитализацијата во државните институции и правосудството.

При тоа планот за раст - точка 5 и 4 ефикасност на правосудството има идеа да се овозможи потполно функционално автоматизирано делење на предмети во судовите и Јавното обвинителство без рачна дистрибуција на предметите во Case management system вклучително и во однос на внатрешното водење на предметите во електронска форма и тоа не само записниците туку и можност сите докази да бидат во електронска форма. При тоа констатирано е дека првиот рок е до декември 2026 година да се воведе мониторинг механизам кој што ќе овозможи целосно и ефикасно користење на Case management system во Јавните обвинителства и АКМИС системот во судовите заедно

со дисциплинските постапки или систем во кој ќе се воведе комуникација помеѓу АКМИС системот и системот кој што го користи Јавното обвинителство Case management system со рок до декември 2027 година.

При тоа Советот најде дека е неопходно да се изготви Стратегија за понатамошен развој на системите кои што ги поседуваме и системите кои што треба да функционираат со Агендата на ЕУ.

Во таа насока утврдено е дека АКМИС системот на почетокот не бил целосно функционален и не се применувал целосно, но од 2014 почнале да го полнат со податоци, прво судовите во Скопје и сега веќе се користи во сите судови во државата и тоа за распределба на предмети, за водење записници и тн.
Во Кривичен суд Скопје се скенираат обвиненијата, се креираат записници и одредени електронски записи но не се скенира целата документација поради недостаток на службеници, ИТ вработени и недоволен број на скенери.

При тоа констатирано е дека во Кривичен суд Скопје имаат само еден добар брз скенер донација од ОБСЕ и на дневно ниво ги задоволува потребите од скенирање на обвиненија, барања за прекршочни постапки и тн. Останатите 5 скенери за секојдневна работа на вработените во судот, но не за формирање на електронско досие во АКМИС системот.

Констатирано е дека АКМИС системот треба-мора да се надгради, и истиот има многу пропусти кои што се детектирани и се пренесуваат до работното тело при Врховен суд за понатамошно унапредување на системот за што е ангажирана фирмата Едусофт. Исто така се прават и проценки дали треба нов систем или може и постоечкиот да се надгради. Советот констатираше дека може да се надгради постоечкиот систем затоа што е добар, има веќе голем број индикатори по кои можат да се вадат статистички податоци од АКМИС- от и може да се вадат повеќе видови податоци.

При тоа потврдите од Казнена евиденција се издаваат station наназад неколку месеци на територија на цела држава, со некои пропусти и со техничка грешка. Во теркот на издадената потврда на местото на Претседателот на ОС Струга стои Претседателот на Кривичен суд Скопје Иван Џолев. Претседателот на Кривичниот суд Скопје извести дека се обратил до Компанијата Некстсенсе за да ја исправат грешката и предложи да се прати и официјален допис од Советот за ИКТ до Некстсенсе за да се корегира грешката.

Во однос на Кривичната евиденција утврдено е дека истата не функционира и е потребно да се прати допис од Советот за ИКТ до Компанијата Некстсенсе или да се бара средба со лице од Некстсенсе и официјално до Судски Совет да се испрати допис со барање за согласност за користење на АКМИС базите на податоци имајќи предвид дека од Врховниот суд имаат добиено согласност за користење на базата на податоци. При тоа во декември на седница на Судски совет одржана на 6.12.2023 година е дадена поддршка на проектот за дигитализација на судството и интероперабилност, но Иван Џолев одговори дека од Судски Совет не се бара поддршка туку се бара согласност за користење на АКМИС базите на податоци.

Во однос на Далечинско сослушување Советот смета дека е битен проект и дека би требало да се продолжи со активности во однос на овој проект бидејќи овозможува брза и функционална комуникација, особено кога станува збор за меѓународната правна помош и соработка, без разлика дали е предистражна и истражна постапка или постапка на главна расправа, односно за секој вид на далечински сослушувања и начин на нивното уредување. Тие се поврзани со начините на спроведување на далечинско сослушување, пред се на главна расправа, но може да ги користат и во јавното обвинителство, особено во обвинителството за организиран криминал.

Затоа, Советот смета дека треба да се продолжи со овој проект бидејќи судовите имаат проблем со обезбедување на безбедносна линија за директна комуникација со сведоци, оштетени лица со загрозен или заштитен идентитет, и дека е потребна линија кој е безбедна и дека тоа треба да биде ВПН комуникација.
Во претхопдно наведениот контекст а во ОЈО ГОК интернет врската е стабилна и истата ги задоволува потребите за .

Понатаму, Советот смета дека она што може да се види од електронските материјали е Акцискиот план за Националната стратегија за ИКТ за периодот 2021-2025 што значи дека го опфаќа и периодот во кој работи новиот Совет и дека би било добро Акцискиот план да се надополни или да се измени во делот на функционирање на новиот ИКТ совет. Но Националната Стратегијата за ИКТ треба да се ревидира бидејќи овој состав на Советот за ИКТ е проширен со претставник од Академијата за судии и јавни обвинители и со претставник од невладиниот сектор.

1. Разгледување и усвојување на Деловник за работа на Советот за ИКТ

Во однос на Деловникот за работа на Советот за ИКТ, на минатата седница беа задолжени сите членови да ги достават своите забелешки во врска со Деловникот од претходниот состав на Советот за ИКТ до Сања Пандилов, и да се направи листа на забелешки внесени во еден документ.

Во делот на начинот на закажување и водење на седниците на ИКТ советот информираше дека седниците треба да се одржуваат со физичко присуство на членовите на Советот за ИКТ со исклучок кога од објективни причини не постои можност за одржување седници со физичко присуство, седниците да може да се одржуваат и преку користење платформа за едновремена двонасочна комуникација преку видеоконференциска платформа.

Во однос на Предлог деловникот Шпенд Деваја отвори расправа во врска со член 10 став 3, за тоа дали гласањето на одлуките на Советот за ИКТ да се полноважни доколку за нив гласало мнозинството од присутните членови на седницата од мнозинство од вкупниот број на присутни членови на седницата на Советот или од вкупниот број на членови на Советот за ИКТ и кажа дека негов предлог е гласањето на одлуките на Советот за ИКТ да биде од вкупниот бројот на членови на Советот.
Од сите членови на Советот беше прифатена ова измена.

Откако сите членови се изјаснија, предложениот Деловник за работа на Советот за ИКТ беше ставен на гласање, по што претседателот констатираше дека Деловникот за работа на Советот за ИКТ со сите дадени забелешки од членовите е едногласно усвоен.

2. Договори за соработка и размена на податоци во електронска форма и Меморандуми за соработка помеѓу Министерството за правда и државните органи и институции

Советот изврши ревизија на сите склучени договори за соработка и размена на податоци во електронска форма и меморандуми за соработка склучени помеѓу Министерството за правда и државните органи и институциите за трансфер на податоци по електронски пат.

Советот констатираше дека за да функционира било каков систем за трансфер на податоци потребно е да има контакт точка за да може да се обезбеди влезната и излезната врата на комуникација помеѓу двата органи.

Во однос на безбедноста на пренесувањето на податоците по електронски пат, претседателот Советот најде дека постојат низа механизми за обезбедување на сигурна и безбедна размена на податоци, и тоа треба да им биде посочено на институциите. Безбедноста се обезбедува преку правила кои мора да се почитуваат после потпишување на меморандумот, а тоа е номинирање на лице кои е задолжено за трансфер на податоци (не може секој да ги праќа и да ги добие податоците) и кое понатаму ќе го дозволи движењето на информацијата низ внатрешниот систем на организацијата.

Информација во врска со Платформата за интероперабилност од Министерство за информатичко општество и администрација

Во врска со ова членот на Советот Суат Фазлиу извести дека не бил многу вклучен во проектот на интероперабилност и затоа го поканил на седница неговиот колега Станислав Василковски да објасни во врска со платформата за интероперабилност и кои можни чекори би се превземале понатаму.

Станислав Василковски извести дека Националната платформата за интероперабилност овозможува меѓусебно поврзување и размена на податоци по електронски пат помеѓу државните органи, институциите и бизнис компаниите, и дека тоа е безбедна платформа преку која може на инкриптиран начин преку веб сервиси да се разменуваат податоците помеѓу институциите кои се поврзани на истата. Станислав Василковски појасни дека преку платформата за интероперабилност се разменуваат и податоци и документи помеѓу институциите, без ограничувања во однос на тоа што се разменува. Информираше дека досега на платформата се поврзани 62 институции, меѓу кои се Основен Кривичен суд, Основен Граѓански суд, Министерство за правда, Агенција за одземен имот итн., но и дека има институции кои

се поврзани на платформата но не разменуваат податоци. Од досегашното искуство може да се истакне дека платформата за интероперабилност поинтензивно се користи од Царинска управа, МВР и УВМК. Во продолжение Василковски го објасни процесот за поврзување на одредена институција на платформата според кој најпрво институцијата треба да потпише договор со МИОА за приклучување на платформата за интероперабилност. Со тоа се обезбедува поддршка од МИОА и пристап до платформата. Потоа институцијата сама треба да обезбеди некои технички предуслови и да набави комуникациски клиент кој што ќе го менаџира МИОА, односно фирмата која што е одговорна за платформата. Како следен чекор е потребата од институцијата да се номинираат двајца членови за администратори на системот. Понатаму, Станислав Василковски наведе дека институциите кои разменуваат податоци склучуваат билатерални договори за размена на податоци и дека тоа не е задолжителна обврска но досега е покажана како добра пракса.
Информираше дека зависно од потребите на одредена институцијата можат да се искористат сервиси за размена на податоци кои веќе постојат на Платформата за интероперабилност, но постои можност и за развој на нови веб сервиси. Василковски информираше дека е направена надградба на Платформата за интероперабилност и дека нема потреба секоја институција да набавува комуникациски клиент туку една институција може да е носител на комуникациски клиент со одредени перформансии со можност сите сродни институции да се приклучат во истиот со одредени привилегии само за нивната институција со свој администратор.

3. Сервиси за интероперабилност помеѓу судовите и Министерството за труд и социјална политика

Можност за воспоставување комуникација во делот на прибавување на податоци од Кривичниот суд за потребите на МТСП, особено во делот на носење на решенија за видување на родителите при бракоразводни парници.
Советот смета дека овој апликативен софтвер кој ќе го користи МТСП за внесување на повеќе параметри кој што се неопходни за нивната работа. За таа цел потребно е да се отвори порта преку која ќе може податоците со кои располага судот да ги добива МТСП, а преку платформата за интероперабилност на МИОА. Станува збор за податоци од типот, дали на лицето му е изречена казна, дали лицето издржувало или не издржувало казна затвор, дали има определено законска издршка, покренета оставинска постапка, одземено родителско право, забрана за вршење должност, дејност или професија, дали им е одземена или ограничена деловната способност, дали лицето е сторител на семејно насилство, дали лицето е дете жртва, дали лицето е разведено и тн. Ова не се однесува само за Кривичниот суд туку и за целата пирамида на судскиот систем од Врховен суд, Апелационите судови и Основните судови. Идејата на софтверот е Министерството за труд и социјална политика преку отворена порта да поднесе барање до соодветно лице во судот, таму да се обработи барањето и да се врати назад податокот, како што е случајот со изводите од Казнена евиденција. Исто така и

МТСП може да доставува податоци до судовите како за одземање на дете, неплаќање на издршка, повреда на родителски права и тн. што значи судовите би можеле нивните предмети да ги добијат во целост. Овој проект на МТСП е во завршна фаза и според информацијата од Едусофт тестирањето на софтверот од технички аспект би требало да заврши до почетокот на судската ферија, а по завршување на феријата ќе се продолжи со тестирање на функционалноста на софтверот. Смета дека ова е голем проект кој може да биде искористен не само кај правосудните органи туку и останатите чинители кои што имаат или изготвуваат податоци и се носители на истите, а можат да доставуваат податоци и да се изврши размена на тие податоци.

4. Искористеност на електронските системи со кои располагаат институциите, нивните проблеми и можности

Претседателот Владимир Милошески информираше за одржан состанок со министерот за правда Игор Филков и извести дека министерот целосно ја поддржува работата на Советот за ИКТ и дека ќе се организира и понатаму работењето на овој Совет за пронаоѓање на механизми за комуникација помеѓу државните органи. На состанокот со министерот за правда било разговарано и за идните активности на Советот во насока на изнаоѓање на добри примери за функционирање на системот, како што е системот од Норвешка кој што веќе е инсталиран во Република Косово, како и системот кој што активно се користи во Литванија.
Советот заклучи дека неопходно е да се искористи Правилникот за состав и начинот за работа на Советот за ИКТ како и препораките за оперативно управување и координација со ИКТ Советот во правосудството како и обврските од Поглавјето 23 и 24 во делот на обврска за комуникација, дигитализација и електронска поддршка на правосудниот систем декември 2025 година. За таа цел потребно е да се побараат податоци од правосудните органи и тоа од судовите и од јавните обвинителства за искористеност на нивните електронски системи, информации кои од системите ги користат и на кој начин, дали најмногу ги користат судиите, записничарите или уписничарите, во кој дел најмногу се користи, кој не го користи системот и тн. Претседателот предложи секоја од институциите да се задолжи да достави податоци за начинот на кој нивните системи комуницираат со останатите системи или воопшто не комуницираат, дали се затворени или се отворени, и ако се отворени на кој начин комуницираат меѓусебе.

5. Поставување на основи за комуникација, изготвување на СОП (Стандардни Оперативни Процедури) за искористување на електронска комуникација со другите институции

Во однос на ова точка Советот смета дека на состанокот со министерот за правда Игор Филков даден е предлог за спроведување на активностите од оваа точка. Предлогот е во насока да не се изготвуваат само СОП-ови туку и да се направи измена

во сите закони кои што се поврзани со електронските комуникации, сите закони кои се поврзани со доказите во електронска форма и сите закони кои што ќе ни дозволат да бараме или да задолжиме некое министерство или агенција да достават документ со кои што располагаат а кој што се наоѓа во електронска форма без разлика дали се создавачи на тој документ или го прибавиле од друг орган. При тоа да се има во предвид и делот на безбедноста, особено кога станува збор за класифицираните докази за тоа на кој начин ќе се оствари безбеден трансфер на податоци.

6. Дозволивост на доказите прибавени преку систем на комуникација по електронски пат, судска пракса во ЕУ и постојно законодавство со цел изготвување на документ со кој ќе се воспостави единствено постапување при правораздавањето

Советот за ИКТ зазеде став дека е неопходно да се обрати до Комисиите кои ги изготвуваат новите Закон за кривична постапка, Закон за судовите и Закон за јавните обвинителства а заради вметнување направата на обвинителот во делот на водењето на предистражната постапка (во член 39 се зборува за начинот на прибавување на доказите и начинот на докажување на веродостојноста на доказот).
Потребно е во Законот за кривична постапка да се дефинира што е оригинал, односно дали доказот во електронска форма доставен во суд е оригинал или копија. Ова е битно бидејќи целокупната комуникација со странство по конкретни предмети се одвива по електронски пат и на тој начин се добиваат податоците и доказите и дали тие докази може да ги употребуваат во кривична постапка и во делот на пред истрагата, истрагата и како и во делот на главната расправа.

Претседателот предложи да се оствари комуникација со овие работни тела за да може да се имплементира делот на доказна форма на доказите кои што се добиени по електронски пат.

За таа цел потребно е да се направи листа на поими и изрази, да се дефинира што се докази во електронска форма, начин на нивно прибавување, начин на нивно чување и начин на движење. Притоа може да се искористи конвенцијата која што веќе е потпишана и ратификувана. На овој начин ќе бидеме во формалните рамки кои ги налага конвенцијата, и ќе имаме убава дефиниција на поими во именик кој ќе му ја олесни работата на секој иден нов судија или обвинител.

ИКТ Совет како дел од делот на МП Поглавјето 23 и 24 реформска агенда и Советот за ИКТ има обврска до декември 2025 година да изготви извештај со анализа во однос на функционалноста на Акмис системот од аспект на тоа дали е потребна надградба на постоечкиот или целосно нов систем .

7. Измени во постојното законодавство, повеќе законски решенија е потребно да претрпат измена па така и за секој од нив има кратко резиме:

- Закон за матична евиденција - со новите измени на законот е предвидена електронска евиденција и овластен е министерот за правда да донесе Упатство за начинот на кој би можело да се водат во електронска форма сите изводи од матична евиденција, член 30б од Закон за матична евиденција.

  предложена измена на член 30б – при што преку интероперабилност ќе може да ги користат нивните податоци и другите институции.
- Закон за царинска управа – овој закон има измени каде што е предвидено да се водат во електронска форма сите нивни документи, но нема можност тие да се доставуваат до институциите, член 21 и 42 од Закон за царинска управа.
- Закон за централен регистар - член 18 од овој закон кој се однесува на едношалтерски систем може да се искористи за да се има пристап до дистрибутивен систем, регистрите и услугите.
- Закон за катастар на недвижности - во член 34 од овој закон е наведено дека може да ги доставуваат податоците во електронска форма, но потребно е текстот на членот да се дополни дека доставувањето може да биде преку интероперабилност, за да може институциите да ги користат нивните податоци.
- Закон за внатрешни работи - дел VI во член 55 предвидена е можноста за искористување на податоци во електронска форма. Ирина Трајкоска Стрезоски наведе дека можеби е потребно да се направат измени и во Законот за возила заради користење на нивната база на податоци.
- Закон за хартии од вредност – за Комисијата за хартии од вредност, за регистар за акционерски друштва, приватни инвестициски фондови, дозволи за брокери, супервизори и тн. овие се потребните информации за кои е потребно да дозволат пристап на институциите.
- Во Агенција за вработување, во Закон за евиденции од областа на трудот наведени се 13 евиденции во електронска форма, член 51 се однесува на доставување на нивните податоци.
- Закон за финансиска полиција, во член 35 може да се поврзат за користење на нивната база на податоци како што се потврди и записници.
- Управа за јавни приходи има регистар на даночни обврзници, има еден член каде што може да се поврзат институциите.
- Фондот за ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување – Ирина Трајкоска Стрезоски смета дека нивните бази на податоци и регистри треба да се поврзат со Законот за евиденција од областа на трудот каде се водат евиденциите и преку тој систем да се овозможи пристап посебно преку членот 51 од истиот закон.

- Законот за извршување на санкции – во однос на овој закон обвинителствата и судовите имаат потреба од податоци за затворениците и за пробацијата.

8. Информација во врска со издавање на електронски потврди од Казнена евиденција

- Министерството за правда, како дел од својата делегација го претседателот на Советот за ИКТ добил покана да биде дел од таа група со цел информирање за тамошниот правосуден систем и можноста за организирање работна средба и со членовите на Советот за ИКТ, а со цел да се види од блиску како функционира системот во Косово.
- Ѓорѓи Андонов отвори прашање во врска со промовирање на функционалноста на вадење потврди од Кривична и Казнена евиденција во сите судови во државата и укажа за потребата да се направи еден вид на кампања за граѓаните да се запознаат со можноста за електронско издавање на потврди од Казнена евиденција и од Кривична евиденција преку Националниот портал uslugi.go.mk. Ѓорѓи Андонов ја презентираше идејата за помасовна кампања за претставување на услугата преку изготвување флаери, банери, брошури кои ќе се дисперзираат во сите судови и други институции и ќе бидат поставени на видно место. Исто така, граѓаните да се информираат и преку подрачните одделенија на Министерството за правда или преку локална самоуправа со оглед на тоа дека нема судови во сите градови на државата. Понатаму, предложи да се информираат граѓаните и преку медиумите, како и преку веб страниците на судовите и на Министерството за правда и нивните facebook страни со поставување на линкови за пристап до националниот портал uslugi.gov.mk. Ѓорѓи Андонов напомена дека корисно би било и да се изготви кратко упатство за користење на услугите со цел граѓаните подетално да се информираат за начинот на кој може да ги користат услугите.
- Советот одлучи да се достави допис до Министерството за правда со сугестија за преземање активности за информирање на јавноста и граѓаните за можноста за издавање на потврди од Кривична и Казнена евиденција на брз и едноставен начин преку националниот порталот e-uslugi.gov.mk.
- Со оглед дека со процесот за издавање потврди од Казнена евиденција се појавиле и одредени технички проблеми Советот смета дека е потребно прво да се решат сите проблеми а потоа да се известат граѓаните за можноста за вадење електронски потврди од Кривична и од Казнена евиденција. Го покрена прашањето и во однос на финансиските средства за изготвување на флаери,

банери, брошури и тн. и наведе дека за ова прашање потребно е да се обратиме до Министерството за правда.

- За таа цел, Претседателот Милошески ја задолжи Сања Димовска претставникот од МП во Советот на ИКТ да провери за можноста Министерството за правда да обезбеди финансиски средства за изготвување на промотивен материјал и да ги извести членовите на Советот за ИКТ.
- Активности за Фемида
- Проведена е и ведно реализирана набавката за надоградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски рочишта на судовите на РСМ,

ДОНЕСЕНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Со цел исполнување на приоритетите на Советот за ИКТ предвидени во член 3 од Правилникот за составот и начинот на работа на Советот за ИКТ, беа донесени повеќе заклучоци:

- да се донесе нов Деловник за работа на ИКТ Советот.

да информираат судиите дали имаат ВПН врска, дали треба да се работи на ВПН врските и дали имаат стабилен интернет за далечинско сослушување и комуникација за да ги продолжат овие проекти.

- да се подобри опремата за далечинско испитување на сведоци, вештаци, загрозени заштитени сведоци, која обезбедува заматување на сликата и други додатоци.
- да се подобри функционалноста на Платформата за интероперабилност и д се утврди процентуално кои институции се вклучени, да се провери делот за можноста за користење на платформата на техничко ниво и да се провери делот на формална рамка за комуникација помеѓу сите субјекти кои што би можеле да ја користат платформата за интероперабилност.
- да се испрати писмо од страна на претседателот на ИКТ Советот до Управен суд за да се продолжи со постапката за надоградба на софтвер за аудио и видео снимање на судски рочишта и ставање во функција на опремата.
- Советот да ги запознае со условите и можностите на државните органи да пристапат на ова Платформа, да ги разменуваат своите податоците и како би можело брзо и функционално да ги превземат податоците кои што може да се користат и како докази во постапка пред надлежните државни органи.
- ИКТ Советот да достави барање до сите судови, јавни обвинителства, министерства и агенции кои користат систем за електронски комуникации во рок од 3 месеци да достават податоци до Советот за функционирање на нивниот постоен систем, отвореноста кон другите системи и потребата за надградба на нивните системи.
- да се задолжи Претседателот на Врховниот суд до 15 септември да изготви извештај за тековните проблеми во работењето и функционалноста на АКМИС системот, како и за потребата од надградба на постоечкиот Акмис или изработка на нов систем.
- да се изврши дополнение на АКМИС системот да биде користење на Конвенции со наведување на членовите од Конвенцијата за Европска конвенција за човекови права во делот на заштита на правата заради следење на предметите кои што завршуваат

пред Европскиот суд за човекови права и како се имплицира таа конвенција во конкретните предмети со назнака за нејзино користење.
- да се склучат меморандуми за соработка меѓу институциите за прогон, јавно обвинтелство и судот за размена на информации.

АКТИВНОСТИ –Интеропрабилност

Платформата за интероперабилност овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Размената на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците.

Непречениот проток на информации преку платформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат.

Платформата за интероперабилност е базирана на Националната рамка за интероперабилност која ги следи европските начела за интероперабилност (EIF 2.0). Националната рамка за интероперабилност ги покрива сите аспекти на интероперабилноста: правна, организациска, семантичка и техничка.

Генерални придобивки од размената на податоци преку платформата за интероперабилност се :

- Основна инфраструктура за понатамошна дигитализација и развој на е-услуги кои судовите и државните органи ги нудат на граѓаните и бизнисите;
- Електронска, стандардизирана и сигурна размена на документи и податоци помеѓу институциите/компаниите;
- Брза и ефикасна комуникација помеѓу институциите/компаниите со што се зголемува ефикасноста при спроведувањето на постапките;
- Зголемена ефикасност и ефективност во работењето на органите на државната администрација и на компаниите;
- Побрз и полесен пристап на компаниите до податоците кои ги бараат од институциите;
- Зголемен квалитет на електронски услуги;
- Намалено време за добивање на услуги.

Поради тоа, Советот за ИКТ во извештајниот период одржа два консултативни и договорни состаноци со 28 државни органи и институции и 10 поединечни работни состаници.

Заклучно со 31. 01.2022 година предвидено е подготовка на работни верзии на договорите/меморандумите и протоколите помежу судотвите и 28 државни органи и институции.

ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАВАЊЕ УВЕРЕНИЈА

Развивањето на модулот за електронско поднесување и издавање на потврди/уверенија од казнената евиденција е само една од дигиталните услуги согласно оперативниот план за дигитализација донесен од Владата на РСМ.

Овој модул како услуга судовите го обезбедуваат преку системот од Централната база од казнената евиденција кој се наоѓа во Врховниот суд на РСМ и неговата имплементација се состои од три услуги:

- Издавање на уверенија од казнената евиденција, како модул кој од денес е целосно функционален и
- Издавање на уверенија од кривичната евиденција и
- Издавање на потврди од евиденцијата за изречени прекршочни санкции што се состојат во забрани за вршење на дејност, професија или должност, како модули кои се во фаза на подготовка за нивна апликативност.

Дигиталните услуги за издавање на уверенијата од казнената евиденција се однесуваат на физички и на правни лица и ги опфаќаат сите Основни судови кои постапуваат по кривични и прекршочни предмети и тоа 26 суда во нашата држава и услугите ќе се реализираат како асинхрони.

Услугата овозможува електронско поднесување на барањето, електронско плаќање преку платежна картичка и електронско добивање на потврдата/уверението во PDF формат со бар код – сертификат што подразбира поврзување на документот со електронски потпис и електронски печат на судот издавач на документот со која се потврдува идентификацијата и веродостојноста на документот. Веродостојноста и доказната вредност се утврдува со скенирање на баркодот со мобилниот телефон андорит или ајфон кој ве упаува на издавачот на услугата.

Дигиталната услуга е обезбедена со заедничка координација на Советот за ИКТ во правосудството, Врховниот суд на РСМ, Судскиот совет, Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администарција и се разбира со поддршка и помош од сите 26 суда.

Овој координиран пристап на сите овие институции покажа дека дигитализацијата е процес со највисок приоритет во судството и дека судовите се целосно подготвени за дигиталните потреби на корисниците на судските услуги.

Оперативните активности на услугата се реализираа преку давателот на услугата кој е дел од платформата за интероперабилност, а тоа е комуникацискиот клиент Кривичниот суд Скопје, преку кој се направи мрежното поврзување со околината каде што е поставен сервисот за имплементација на услугите и негово поставување на платформата за интероперабилност.

Паралелно се одвиваа активностите за обезбедување на дигиталниот печат и потпис за 26 суда кој се користат за потпишување на секој документ што излегува од судот, преку набавката на сертификатите и нивно поставување на инфраструктурата на МИОА.

За потребите на услугата обезбедено е поврзување со регистарот на население поради потребата за обезбедување на податоците од формата кои ги нема во клаим атрибутите на најавеното лице за физичките лица /име на тако и мајка и државјанство/ баратели на услугата и податоци за правните лица од базата на податоци од централниот регистар.

Користењето на дигиталната услуга е едноставно, брзо и лесно.

Корисникот преку Националниот портал за услуги uslugi.gov.mk се најавува со корисничкото име кое што го има креирано за добивање и користење на услугите во УЈП, се повикува на модулот на услугата, креира барање, со алатката потврди, обезбедува електронско плаќање и за не повеќе од 2-5 минути во ПДФ формат ја добива бараната услуга – потврда/уверение.

СОРАБОТКА И СТУДИСКА ПОСЕТА

Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи во извештајниот период оствари студиска посета на Косово со посета на центарот за дигитализација.

ЈАВНОСТ

Со цел промоција на Оперативниот план за дигитализација на правосудството и промоција на платформата за електронско издавање на Уверенијата од казнената евиденција, во Владата на РСМ, Премиерот на Владата, Министерот за правда и Претседателот на Советот за ИКТ, во извештајниот период одржаа две прес конференции.

Претседател на Советот за ИКТ
Владимир Милошески
______________

Членови:

- Даут Рустеми ______________
- Иван Џолев ______________
- Ислам Абази ______________
- Сања Пандилов ______________
- Сања Димовска ______________
- Јелена Колева Догазанска ______________
- Шпенд Деваја ______________
- Ѓорѓи Андонов ______________
- Анита Андоноска ______________

Прилог:

- Записници од одржаните седници на Советот за ИКТ